КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА



СОБРАНИЕ

НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

2020 ГОДИНА

Скопје, февруари 2021 година

Врз основа на член 28, став 1 од Статутот на Карате федерацијата на Македонија, свикувам Годишно Собраниена КФМ следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Записничар и
   - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на Македонија, одржана на 25.01.2020 година;
3. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2020 до 31.12.2020 година;
4. Разгледување и усвојување на Извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2020 до 31.12.2020 година;
5. Финансов Извештај на Карате федерацијата на Македонија и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2020 до 31.12.2020 година;
6. Разгледување и усвојување на Програма за работа на Карате федерацијата на Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2020 до 31.12.2020 година.
7. Разно, предлози, прашања.

Собранието ќе се одржи во малата сала при СЦ „Борис Трајковски“, на 28 февруари 2021 година (недела), со почеток во 11:00 часот.

Право на учество и право на глас имаат клубовите кои ги исполнуваат условите од член 16 и 19 од Статутот на КФМ, односно само клубовите кои имаат платено членарина за 2020 година, имаат решение за вршење дејност спорт и имаат активности/настап на натпревари кои ги организира КФМ во изминатите две години (2019 и 2020 година). Клубовите кои имаат уплатено годишна членарина и ги исполнуваат претходните услови добиваат гласачко картонче.

Согласно со член 26, став 2 од Статутот на КФМ Собранието го сочинуваат претседателите на клубовите - членки на Федерацијата. Претседателот на клубот може да ополномошти и друго лице од клубот кое ќе го претставува клубот на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

На седницата на Собранието ќе се разгледуваат само материјали кои се доставени во писмена форма, најмалку 3 дена пред одржување на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

Претседател,
Горан Милковски с.р.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА:

1.Вовед..... 3 стр.

2.Собрание 2020 год..... 13 стр.

3.Годишен Извештај за најзначајни меѓународни активности ..... 14 стр.

4.Годишен Извештај за работата на Натпреварувачката Комисија на КФМ за 2020 година..... 29 стр.

5. Годишен Извештај на Дисциплинската Комисија на КФМ ……..... 52 стр.

6. Годишен Извештај на Судиската Комисија на КФМ..... 53 стр.

7. Годишен Извештај од Лекарската Комисија на КФМ..... 56 стр.

8.Годишен Извештај од Комисијата на Комесари на КФМ..... 57 стр.

9. Годишен извештај на Регистрациона комисија ..... 59 стр.

10. Седници на Извршниот Одбор на КФМ..... 60 стр.

11.Финансиски Извештај од Сервисното сметководство на КФМ за 2020 година..... 61 стр.

12. Национална Програма на КФМ за 2021 година..... 63 стр.

13.Финансиски План за Национална програма на КФМ за 2021 година ..... 64 стр.

14.Меѓународна Програма на КФМ за 2021 година..... 65 стр.

15.Финансиски План за Меѓународна програма на КФМ за 2021 година ..... 66 стр.

16.Финансов план на КФМ 01.01.2021 – 31.12.2021..... 70 стр.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

1. Вовед

Карате федерацијата на Македонија ја почна 2020 година со големи очекувања, со оглед што каратето за првпат требаше да биде на програмата на Олимписките игри во Токио. Во густата агенда во иста година беа планирани европско и светско сениорско првенство, квалификациски олимписки турнир, како и европско првенство во помлади категории. На регионален план балкански првенства од најмлади категории до сениори, медитеранско првенство, а на домашен покрај државните првенства и традиционални клупски турнири во календарот на КФМ. Каратето изгради имиџ на лидер во македонскиот спорт, а КФМ од 2008 година предводена од долгогодишниот претседател Драган Стојановски, презентирана на сите нивоа со квалитетни професионалци, како федерација прерасна во вистински симбол за квалитетно менаџирана федерација и на домашен и на меѓународен план.

Но, минатата година ќе остане запаменета како година во која спортот мораше да ги стопира сите активности поради пандемијата од коронавирусот. Беа откажани сите меѓународни настани, почнувајќи од европското првенство во Баку, потоа квалификацискиот олимписки турнир во Париз и одложени Олимписките игри во Токио. Нешто подоцна и светското првенство во Дубаи беше презакажано за 2021 година. Во меѓувреме беа откажани и сите настани, вклучувајќи ги Премиер лигите и сите младински натпреварувања. По примерот на WKF со приоритет на заштита на спортистите и сите инволвирани во натпреварите, беа стопирани и планираните активности кои беа во календарот на КФМ.

Имавме само два месеца натпревари, но сепак нашите спортисти остварија резултати кои ги одржуваат во врвот на остварувањата во македонскиот спорт воопшто. Финалните номинации и трите добиени спортски оскари за Спортисти на 2020 година, поддршката на програмите на КФМ од страна на Агенцијата за млади и спорт, трите олимписки стипендии во годината кога треба да се одржат Олимписките игри во Токио, високиот авторитет со сите надлежни институции во домашни и меѓународни рамки се најдобар показател за позициите кои ги има каратето како спорт и КФМ како организација.

Активности на КФМ

Претходно, во првите два месеца КФМ ја реализира зацртаната програма, со организација на државното првенство за сениори во јануари, а на почетокот на март и државното првенство за деца. Во јануари беше одржано и редовното изборно Собрание на КФМ, каде што на предлог на досегашниот претседател Драган Стојановски, поддржан од членовите на Извршниот одбор на КФМ, за претседател Собранието го избра Горан Милковски. Новиот претседател во изминатите 10 години беше делегат на КФМ на сите конгреси на Светската карате федерација и на Европската карате федерација, 7 години член на Извршниот комитет на Балканската федерација, а од 2019 година и член на Извршниот комитет на Медитеранската карате федерација. Во претходните два мандата беше член и на Извршниот одбор на КФМ. Досегашниот претседател Драган Стојановски, под чие раководство од 2008 до 2020 година каратето ги оствари најголемите успеси во историјата и стана лидер во македонскиот спорт, како синоним за остварување врвни резултати и успешно менаџирање, во следниот мандат ќе биде потпретседател на федерацијата. На место потпретседател е избран и Бесник Мурати, а членови на Извршниот одбор остануваат Александар Туфекчиевски, Ѓоре Дервишов, Алим Хајредини и Дејан Чолески. Нови членови на Извршниот одбор се Наташа Илиевска Јордановска и Боге Спасеновски.




Собрание на КФМ 2020 година

Премиер лига во Салцбург

Во олимписката 2020 влеговме со тројца олимписки стипендисти од програмата на МОК, преку програмата олимписка солидарност на Меѓународниот олимписки комитет, што е голема чест за КФМ. Покрај нив, уште неколку други наши квалитетни спортисти и спортистки со влегоа во годината со амбиции да се изборат за место на квалификацискиот олимписки турнир во Париз. Реално на татамите го имавме главниот адут Емил Павлов, кој на последниот голем натпревар освои златен медал на Премиер лигата во Салцбург и беше во врвна форма непосредно пред прекинот на сите активности предизвикани од пандемијата. Настапите на Премиер лигите беа актуелни и како подготовка за Европското првенство во Баку, но како никогаш порано и за освојување поени во рангирањето на WKF листата,

неопходни за пласман на завршниот квалификациски олимписки турнир во Париз. Покрај златниот медал на Павлов во Салцбург, беа остварени неколку пласмани на 5 и 7 места.




Емил Павлов триумфално ја заврши Премиер лигата во Салцбург, со златен медал

Европско првенство за кадети, јуниори и У21

Една година порано, во 2019 имавме најголем успех во историјата на младинските европски првенства. Во Алборг вкупно четири финалиња и два златни медала во помлади сениори (У21), по едно сребро за јуниори и кадети. Но, и покрај смена на генерациите, во 2020 имавме забележително учество на Европското првенство во Будимпешта каде што нашите спортисти освоија два бронзени медала, Роберто Ацковски во У21 и Бојан Костов во конкуренција на јуниори. Покрај нив, освоивме уште две петти места и седмо место.




Бојан Костов и Роберто Ацковски на подиумот на ЕП во Будимпешта

Активности на WKF

Сепак, наспроти сите желби и очекувања, 2020 година ќе остане запаметена по прекинот на сите активности поради пандемијата предизвикана од коронавирусот. Од почеток на март, речиси цела година нема ниту еден официјален турнир на WKF која максимално сериозно

прijде во справување со КОВИД-19. Единствен приоритет на Светската карате федерација беше и остана да се зачува здравјето на спортистите, тренерите и сите кои се во карате.


Во таа насока беа одржани неколку видео конференции на Светската карате федерација и на Европската карате федерација, за кои сите клубови беа навремено информирани од канцеларијата на КФМ. Основно е дека мораме да бидеме трпеливи, колку и да потрае. Во услови во кои сме се наоѓаат сите во светот, па индивидуалните тренинзи или тренинзи во помали групи беа единствената опција во текот на минатата година. Најпрвин беше потенцирано единството и унитарноста на сите 195 членки на WKF како едно сложно семејство со сериозен пристап во услови на прекин на сите натпреварувања. Односот на каратистите, тренерите и сите инволвирани во карате е пример за сите во целиот свет. Беше одбележан и големиот јубилеј „50 години Светска карате федерација“, а со мораториумот на сите настани, WKF се определи глобално да го промовира карате преку социјалните мрежи, што е сугестија и до сите нејзини членки.



Видео конференции на WKF во услови на пандемија


Активности на КФМ во период на изолација и карантин

Како и сите членки на WKF кои најсериозно и одговорно се справуваа со пандемијата, и ние како КФМ се прилагодувавме на новонастанатите услови, со тоа што спроведовме неколку идеи. Најпрвин нашите најдобри каратисти дадоа личен пример за дисциплина, одговорност и снаоѓање не само на спортистите, туку и целото население во услови на изолација и карантин. Отворивме „You tube“ канал на КФМ каде што со тренинг во домашни услови, во дневна соба, во двор или во парк и дававме насоки за целата популација како може да се минува времето кога движењето е забрането или лимитирано. И сето тоа да биде во позитивен дух и атмосфера, што во тој период на исчекување беше од исклучително значење. Со тоа од една страна ги промовиравме нашите спортисти, а во исто време го промовиравме и карате, како здрав спорт и на физички и на ментален план. За тоа добивме пофалби од АМС, а на другите спортски федерации на им послуживме како позитивен пример. Треба да се истакне дека бевме меѓу првите федерации кои побараа и добија насоки за тренинг и натпревари во услови на КОВИД-19 од страна на Министерството за здравство и комисијата за заразни болести.



Тренинзите па „You tube“ каналот на КФМ поттик за сите во услови на карантин

КФМ организира „on-line“ натпревар за деца во дисциплината кати, каде што имавме солиден одзив од околу 100 деца чии клубови испратија видео снимки од нивните изведби. Доделивме дипломи како и за секое државно првенство, што за нив ќе биде поттик и сигурно ќе им биде од помош во училиштата каде што се школуваат и општините од каде што доаѓаат. Со тоа покажавме дека можеме да се снајдеме и во такви услови, без право да одржуваме натпревари во сала и во присуство на поголеми групи, а на младите во каратето и во другите спортови им покажавме како може да ги модифицираат своите тренинзи. Исто така, на катата како дисциплина и дадовме можност дополнително да се промовира, а на нашите млади кои почнуваат со карате, да се чувствуваат главни во спортот во тој период. Беа вклучени повеќе судии меѓу кои и оние со највисока лиценца, а успешно се справивме и со техничките проблеми кои се појавија кај некои од снимките, со цел да се даде шанса на сите и да се запази регуларноста на натпреварот.



Одржан првиот „on-line“ натпревар за деца во дисциплината ката

За оваа активност, како и за „You tube“ каналот, на видео конференциите на WKF бевме истакнати како една од федерациите која со спроведување на своите идеи е пример за одржување активности во време на мораториум без да го загрози здравјето на спортистите, а сепак даваме пример како може да се промовира спортот и во време на карантин.

Соработка со Агенцијата за млади и спорт

Мора да потенцираме дека со години наназад имаме одлична соработка со Агенцијата за млади и спорт, од која главно ги добиваме финансиите за спроведување на нашите национални и меѓународни програми, а ние со нивно спроведување и исполнување во целост ги оправдуваме, како на резултатски, така и на организациски план. Во месец октомври АМС доби доби нов директор, но досегашната одлична соработка останува и во иднина може да биде и уште поквалитетна. КФМ е благодарна на досегашната соработка во минатиот мандат на поранешниот директор Дарко Каевски, а во иста насока продолжуваме и со новиот директор, поранешниот истакнат ракометен репрезентативец Наумче Мојсовски. Првата официјална посета на делегација на КФМ беше во ноември, каде што ја презентиравме нашата организација и структурално и пред се, со континуитетот на големи успеси и освојување медали на сите нивоа. Имаме сегашност, а имаме и иднина и тоа треба да го негуваме и да продолжиме да се надградуваме во сите сегменти. Ние сме можеби и единствен од македонските спортови кои имаат квалитетни резултати и во машка и во женска конкуренција. Исто така, тоа не е случај само кај сениорите, туку и во помладите категории. Не се грижиме само за дисциплината борби иако е реално многу позастапена поради тежинските категории, туку и за катите, каде што со години имаме квалитетни поединци и интенција е да ги имаме во уште поголем број. Нашите спортисти и сите во КФМ со нетрпение го чекаме денот кога ќе можеме да го презентираме спортот и државата на најголемите меѓународни натпреварувања, со поддршка на Агенцијата за млади и спорт.



Прием кај поранешниот директор на АМС Каевски и сегашниот директор Мојсовски

Релации со амбасадата на Јапонија

Во делот на активности кои се во интерес на карате на КФМ и средбата со Кеико Ханеда, амбасадор на Јапонија во Скопје, непосредно пред нејзиното заминување во Токио. На состанокот беше истакната благодарност од страна на колевката на карате до Карате федерцијата на Македонија, за грижата и за развивањето на јапонската култура, како и за се што правиме за пренесување и развивање на вештината и за спортот кој потекнува од нивната земја. Најмногу од се, поради тоа што во изминатата деценија остваривме големи резултати и изградивме систем кој е препознатлив насекаде, што не става на врвот на пиедесталот на спортови и спортски организации во државата.

Јапонија е горда што во пресрет на Олимписките игри во Токио, македонските каратисти се со изгледни шанси да се борат за олимписка норма, која колку и да е тешко остварлива, не е недостижна. Јапонската амбасада е добро запозната со нашите активности, а контактите остануваат и ќе се продлабочат со новиот амбасадор во наредниот период, по препорака на неговата претходничка Ханеда. Јапонската амбасада е отворена за секаков вид на соработка со КФМ, која е во доменот на нивните надлежности и можности.



Прием во амбасадата на Јапонија

Државна награда „8-ми септември“

Уште едно големо признание за КФМ во 2020 е наградата 8 септември на Бесник Мурати, актуелниот потпретседател на федерацијата и долгогодишен функционер во органите и телата на КФМ, кој беше меѓу добитниците на еднократната награда за 2020 година. Тоа признание е највисоко од областа на спортот за спортските работници, наменето за долгогодишна работа на истакнати поединци во спортот, а со својата посветеност и придонес во карате во текот на целиот негов живот, оваа награда е повеќе од заслужена. Истовремено и мотив повеќе, да продолжи со исто темпо во иднина.




Бесник Мурати добирник на еднократната државна награда „8-ми септември“


Избор на Спортисти за 2020 година на ССФМ и АМС

На Изборот на најдобри Спортисти за 2020 година, нови највисоки признанија за нашите каратисти. Предложените кандидати од Карате федерацијата на Македонија добија вкупно три позлатени статуетки. За најдобра спортистка кај сениорките е прогласена Вероника Костовска, а признанието и го врачи директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсовски. За најдобра млада спортистка е избрана Магдалена Божиноска, а во Роберто Ацковски е прогласен за најдобар млад спортист за 2020 година.

Иако имаше само два месеца активност поради коронавирусот, карате влезе во финалниот избор со свои кандидати во вкупно шест категории. Во категорија на најдобар спортист беше Емил Павлов (спортист на Македонија во 2018 година), во категорија најдобар селектор Сашко Арсовски (најдобар селектор 2018 и 2019 година), а КФМ и овојпат беше меѓу финалистите и како најдобра федерација (во минатите 10 години трипати најдобра национална федерација). Ова е огромно признание за континуитетот на квалитетна работа а сите нивоа, но и обврска повеќе да продолжиме со такви резултати и во наредните години. Свеченоста се одржа во големата сала во СРЦ „Борис Трајковски“ со лимитиран број на присутни, согласно пропишаните мерки од надлежните институции за одржување на собири во затворен простор. Меѓу присутните беше и претседателот на Владата Зоран Заев, заедно со неколкумина министри во Владата, градоначалници и претставници на Националните спортски федерации во повеќе спортови.
















Костовска, Ацковски и Божиноска со Спортски оскари во своите категории

Избор на најдобрите во КФМ за 2020 година

Карате федерацијата на Македонија ги прогласи најдобрите за 2020 година, од кадетска до сениорска конкуренција. Емил Павлов и Вероника Костовска се најдобри сениори во машка и женска конкуренција во борби, а во кати Фери Исиќ и Пулексенија Јованоска.











Избор на КФМ за 2020 година – сите добитници по категории

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

2. СОБРАНИЕ

ЗАПИСНИК ОД ГОДИШНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ

Карате федерацијата на Македонија на 25.01.2020 година одржа Годишно изборно собрание, на кое од 52 клубови со право на глас, присуствуваа делегати од 50 клубови и 2 клуба кои се активни во КФМ, но поради неисправност на своите полномоштва немаа право на глас.

Собранието ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Едногласно ги избра работните тела во следниот состав:
   - Изборна комисија: Димче Савевски, Жарко Арсовски и Нељби Дервиши;
   - Оверувачи на записникот: Благој Атанасов и Александар Кузмановски;
   - Записничар Игор Миноски.
   - Бидејќи беше констатирано отсуство на 17 клубови кои своето отсуство не го најавиле ниту оправдале, согласно Статутот на КФМ на истите клубови им беше изречена Опомена;
2. Собранието едногласно го усвои Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за период 01.01.2019 година до 31.12.2019 година;
3. Едногласно беше усвоен Извештајот на Одборот за контрола на работата на Карате федерацијата на Македонија за периодот 01.01.2019 до 31.12.2019 година;
4. Финансискиот Извештај беше едногласно усвоен од страна на присутните делегати;
5. Собранието едногласно ги усвои измените и дополнувањата на Статутот на Карате федерацијата на Македонија;
6. За нов претседател на Карате федерацијата беше избран Горан Милковски, кој веднаш предложи нов Извршен одбор на КФМ. Во него потпретседатели се Драган Стојановски и Бесник Мурати, а членови се Александар Туфекчиевски, Ѓоре Дервишов, Алим Хајредини, Дејан Чолески, Наташа Илиевска Јордановска и Боге Спасеновски. Сите беа едногласно избрани од Собранието. За членови на Надзорниот одбор едногласно беа избрани: Арбен Алији како претседател, и членови на Надзорниот одбор Благој Атанасов и Миланчо Черкезов;
7. Едногласно беше усвоена Програмата за работа на Карате федерацијата на Македонија, и Финансискиот план за периодот 01.01.2020 до 31.12.2020 година;
8. Собранието едногласно ги прими Карате Клуб Полог – Гостивар, Карате Клуб Феникс – Радовиш, Карате Клуб „Автокоманда“ – Скопје.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

3. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА НАЈЗНАЧАЈНИ МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА

Карате федерацијата на Македонија поради состојбата со COVID-19 успеа да реализира дел од предвидените активности од Календарот за 2020 година.

Табеларен приказ на планирани активности од меѓународната програма, државните првенства и клубски турнири како и информација за нивна реализација:

МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА

#	Натпревар	Датум	Локација	Реализација
1	Серија А	10-12.01.2020	Сантјаго, Чиле	**Одржано**
2	Премиер лига	24-26.01.2020	Париз, Франција	**Одржано**
3	Европско првенство за кадети, јуниори и У21	07-09.02.2020	Будимпешта, Унгарија	**Одржано**
4	Премиер лига	14-16.02.2020	Дубаи, ОАЕ	**Одржано**
5	Премиер лига	28.02-01.03.2020	Салцбург, Австрија	**Одржано**
6	Премиер лига	13-15.03.2020	Рабат, Мароко	**Откажано**
7	Европско првенство за сениори	25-29.03.2020	Баку, Азебејџан	**Откажано**
8	Медитеранско првенство за сениори	03-05.04.2020	Никозија, Кипар	**Откажано**
9	24-то Балканско првенство за деца	10-12.04.2020	Конкурс	**Откажано**
10	Премиер лига	17-19.04.2020	Мадрид, Шпанија	**Откажано**
11	Младинска лига	01-03.05.2020	Лимасол, Кипар	**Откажано**
12	Токио 2020 - Квалификациски турнир	08-10.05.2020	Париз, Франција	**Откажано**
13	Серија А	19-21.06.2020	Истанбул, Турција	**Откажано**
14	СКФ Младински камп	29.06-02.07.2020	Пореч, Хрватска	**Откажано**
15	Младинска лига	03-05.07.2020	Пореч, Хрватска	**Откажано**
16	Токио 2020 - Олимписки игри	06-08.08.2020	Токио, Јапонија	**Откажано**
17	Серија А	11-13.09.2020	Дурбан, Ј. Африка	**Откажано**
18	Младинска лига	25-27.09.2020	Монтерej, Мексико	**Откажано**
19	Премиер лига	09-11.10.2020	Москва, Русија	**Откажано**
20	Балканско првенство за сениори	24-25.10.2020	Конкурс	**Откажано**
21	Светско првенство за сениори	17-22.11.2020	Дубаи, ОАЕ	**Откажано**
22	Балканско првенство за кадети, јуниори и У21	28-30.11.2020	Конкурс	**Откажано**
23	Младинска лига	04-06.12.2020	Венеција, Италија	**Откажано**

47-то Европско карате првенство за кадети , јуниори и помлади сениори У- 21 одржано во Будимпешта - Унгарија од 06 - 09 Февруари 2020

Делегацијата организирано се упати од Скопје со автобус на ден 05.02.2020 год. Која броеше вкупно 48 патници од кои официјални лица на делегацијата со акредитација беа: Бесник Мурати како шеф на делегацијата (VIP), Горан Милковски делегат (VIP), тренерите на државна репрезентација Арлинд Хусеини, Александар Кузмановски, Ивана Аврамова и како помошници тренери беа: Бошко Заборски, Петар Белистојановски и Кристијан Младеновски. Др. Ѓоре Дервишов како лекар, 36 спортисти и 2 карате судии Боби Војдиновски и Раде Стефановски. Со делегацијата патуваше и членот на Извршниот одбор на КФМ, Алим Ајредини со акредитација „Invited person“.



Заедничка слика на нашата репрезентација

СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ДЕЛЕГИРАНИ ОД КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Br.	Име и презиме	Функција	Акредитиран	Организ.
1	Бесник Мурати	Шеф на делегација	**VIP**	КФМ
2	Горан Милковск	Делегат	**VIP**	КФМ
3	Ѓоре Дервишов	Лекар	**Доктор**	КФМ
4	Арлинд Хусеини	Државен тренер	**Тренер**	КФМ
5	Александар Кузмановски	Државен тренер	**Тренер**	КФМ
6	Ивана Аврамова	Drжaven trener	**Тренер**	КФМ
7	Бошко Заборски	Помош. Тренер	**Тренер**	КФМ
8	Петар Белистојоновски	Помош. Тренер	**Тренер**	КФМ
9	Кристијан Младеновски	Помош. Тренер	**Тренер**	КФМ
10	Боби Војдиновски	Судија	**Судија**	КФМ
11	Раде Стефановски	Судија	**Судија**	КФМ

РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ НА 47-то ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО

ЗА КАДЕТИ ,ЈУНИОРИ И ПОМЛАДИ СЕНИОРИ У – 21 ВО БУДИМПЕШТА – УНГАРИЈА

Бр	Име и Презиме	Дисцип.	Категорија	Ка. клуб
1	ХАМЗА ЗУЛАЛИ	Кумите	К + 70 кг.	Дрини
2	ВЕГИМ МУРАТИ	Кумите	У 21 – 84 кг.	Шкендија
3	КРЕНАР ЏАФЕРИ	Кумите	У 21 + 84 кг.	Шкендија
4	СТОЛЕ СМИЛКОВСКИ	Кумите	У 21 – 60 кг	Олимпик
5	МАРКО КОСТОВ	Кумите	У 21 – 75 кг	Олимпик
6	МАРИО СВИНАРСКИ	Кумите	Ј – 68 кг.	Олимпик
7	БОЈАН КОСТОВ	Кумите	Ј – 55 кг.	Олимпик
8	ЃОРЃИ ПЕТРОВ	Кумите	Ј – 61 кг.	Партизан Коч.
9	БЕРИЗ КУРТАНОВИЌ	Кумите	Ј + 76 кг.	Кеикс
10	ЉУПЧЕ МИХАЈЛОВ	Кумите	К – 57 кг.	Штип
11	МАТЕЈ БЕЛИСТОЈАНОВСКИ	Кумите	К – 52 кг.	Спорт 94
12	АЛЕКСАНДАР НЕДЕЛКОВСКИ	Ката	Ј Ката	Металург
13	МАРКО СМИЛЕВСКИ	Кумите	К – 63 кг.	Металург
14	СТЕФАН СТОЈАНОВИЌ	Кумите	Ј – 76 кг.	Макпетрол
15	ВИТОМИР ТРАЈКОВСКИ	Кумите	К – 70 кг.	Макпетрол
16	ГЕОРГИ БАНОВСКИ	Кумите	У 21 Ката	Гладиатор
17	РОБЕРТО АЦКОВСКИ	Кумите	У 21 – 67 кг.	Макпетрол
18	ВЕРОНА АЈДИНИ	Кумите	У 21 – 55 кг.	Форца
19	ВЕРОНИКА КОСТОВСКА	Кумите	У 21 – 61 кг.	Олимпик
20	САЈРА МОРИНА	Кумите	У 21 – 68 кг.	Кеикс
21	ТЕОДОРА ЦВЕТКОВСКА	Ката	У 21 Ката	Вардар
22	ДРАГАНА МАНГОВСКА	Кумите	У 21 – 50 кг.	Металург
23	МАРИЈА ПЕТРОВСКА	Кумите	Ј – 48 кг.	Макпетрол
24	МАРИЈА МИЛЕВА	Кумите	Ј – 53 кг.	Олимпик
25	МАГДАЛЕНА БОЖИНОВСКА	Кумите	Ј – 59 кг.	Олимпик
26	АРТА БУШИ	Кумите	К – 54 кг.	Кеикс
27	ЈУСРА АДЕМИ	Кумите	К + 54 кг.	Кеикс
28	МАРТИНА ШАХИНОВА	Кумите	Ј + 59 кг.	Партизан Коч.
29	ЈОВАНА МАНЧЕВСКА	Ката	Ј Ката	Фунакоши
30	МИХАЕЛА МИШОВСКА	Кумите	К – 47 кг	Тигар 2003
31	ДАВИД СПАСОВСКИ	Ката	К – Ката тим	Фунакоши
32	КРИСТИЈАН БАЈОВСКИ	Ката	К – Ката тим	Фунакоши
33	ХРИСТИЈАН АНДРИЌ	Ката	К – Ката тим	Фунакоши
34	АНДРЕА АЛЕКСОВСКА	Ката	К – Ката тим	Гладијатор
35	МАРАТИНА АРСОВСКА	Ката	К – Ката тим	Гладијатор
36	ТЕА ГАШЕВА	Ката	К – Ката тим	Гладијатор

Табела на учесници на 47 Европско првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У–21 , Будимпешта - Унгарија

Б.р	Име на држава	Код	Машки пријавени	Женски пријавени	Вкупно пријавени	Вкупни спортист
1	АЛБАНИЈА	ALB	5	3	8	8
2	АНДОРА	AN D	3	0	3	3
3	ЕРМЕНИЈА	ARM	14	2	16	16
4	АВСТРИЈА	AUT	6	10	16	16
5	АЗЕРБЕЈЦАН	AZE	18	13	31	31
6	БЕЛОРУСИЈА	BLR	17	13	30	30
7	БЕЛГИЈА	BEL	9	9	18	18
8	Б И Х	BIH	18	16	34	37
9	БУГАРИЈА	BUL	10	5	15	15
10	ХРВАТСКА	CRO	19	16	35	38
11	КИПАР	CYR	17	10	27	27
12	Р.ЧЕШКА	CZE	16	11	27	27
13	ДАНСКА	DEN	14	10	24	24
14	АНГЛИЈА	ENG	18	9	27	27
15	ЕСТОНИЈА	EST	7	2	9	9
16	ФИНСКА	FIN	9	8	17	17
17	ФРАНЦИЈА	FRA	17	15	32	37
18	ГРУЗИЈА	GEO	16	3	19	19
19	ГЕРМАНИЈА	GER	17	15	32	32
20	ГРЦИЈА	GRE	14	14	28	28
21	УНГАРИЈА	HUN	19	16	35	36
22	ИСЛАНД	ISL	4	4	8	8
23	ИРСКА	IRL	16	8	24	24
24	ИЗРАЕЛ	ISR	11	9	20	20
25	ИТЛИЈА	ITA	18	16	34	38
26	Р.КОСОВО	KOS	15	14	29	29
27	ЛЕТОНИЈА	LAT	14	10	24	24
28	ЛИХТЕНШТАЈН	LIE	2	6	8	6
29	ЛИТВАНИЈА	LTU	8	2	10	10
30	ЛУКСЕМБУРГ	LUX	2	5	7	7
31	МАЛТА	MLT	4	1	5	5
32	МОЛДАВИЈА	MDA	5	0	5	5
33	ЦРНА ГОРА	MNO	17	14	31	33
34	ХОЛАНДИЈА	NED	9	7	16	16
35	МАКЕДОНИЈА	MKD	19	15	34	36
36	СЕВЕРНА ИРСКА	NIR	3	1	4	4
37	НОРВЕШКА	NOR	3	6	9	9
38	ПОЛСКА	POL	19	13	32	33
39	ПОРТУГАЛИЈА	POR	16	8	24	24
40	РОМАНИЈА	ROU	17	15	32	32
41	РУСКА ФЕДЕР.	RUS	20	18	38	40
42	САН МАРИНО	SMR	1	0	1	1
43	ШКОТСКА	SCO	12	10	22	22
44	СРБИЈА	SRB	19	16	35	37
45	СЛОВАЧКА	SVK	18	15	33	35
46	СЛОВЕНИЈА	SLO	16	13	29	30
47	ШПАНИЈА	ESP	19	16	35	37
48	ШВЕДСКА	SWE	7	10	17	17
49	ШВАЈЦАРИЈА	SUI	13	11	24	24

50	ТУРЦИЈА	TUR	19	16	35	36
51	УКРАИНА	UKR	19	15	34	36
52	ВЕЛС	WAL	9	4	13	13
ВКУПНО ДРЖАВИ		52				
Машки учесници			657			
Женски учесници				498		
ВКУПНО пријавени					1155	
ВКУПНО СПОРТИСТИ						1183

ВКУПНО ПРИЈАВЕНИ НАТПРЕВАРУВАЧИ ВО СИТЕ КАТЕГОРИИ

Старосна категорија	Пол	Дисциплина	Категорија Кумите/ката	Пријави индивидуално	Екипно Ката
Кадети	Ж	Ката	Индивидуално	**30**	
Кадети	М	Ката	Индивидуално	**32**	
Кадети	Ж	Кумите	-47кг.	**32**	
Кадети	Ж	Кумите	-54кг.	**36**	
Кадети	Ж	Кумите	+ 54кг.	**36**	
Кадети	М	Кумите	-52кг.	**40**	
Кадети	М	Кумите	-57кг.	**34**	
Кадети	М	Кумите	-63кг.	**40**	
Кадети	М	Кумите	-70кг.	**33**	
Кадети	М	Кумите	+70кг.	**33**	
Јуниори	Ж	Ката	Индивидуално	**32**	
Јуниори	М	Ката	Индивидуално	**35**	
Јуниори	Ж	Кумите	-48кг.	**30**	
Јуниори	Ж	Кумите	-53кг.	**35**	
Јуниори	Ж	Кумите	-59кг.	**41**	
Јуниори	Ж	Кумите	+59кг.	**37**	
Јуниори	М	Кумите	-55кг.	**35**	
Јуниори	М	Кумите	-61кг.	**39**	
Јуниори	М	Кумите	-68кг.	**41**	
Јуниори	М	Кумите	-76кг.	**40**	
Јуниори	М	Кумите	+76кг.	**36**	
Кадети+јуниори	Ж	Ката	Екипно		**13**
Кадети+јуниори	М	Ката	Екипно		**16**
Сениори **у 21**	Ж	Ката	Индивидуално	**29**	
Сениори **у 21**	М	Ката	Индивидуално	**39**	
Сениори **у 21**	Ж	Кумите	-50кг.	**24**	
Сениори **у 21**	Ж	Кумите	-55кг.	**33**	
Сениори **у 21**	Ж	Кумите	-61кг.	**33**	
Сениори **у 21**	Ж	Кумите	-68кг.	**33**	
Сениори **у 21**	Ж	Кумите	+68кг.	**23**	
Сениори **у 21**	М	Кумите	-60кг.	**32**	
Сениори **у 21**	М	Кумите	-76кг.	**34**	
Сениори **у 21**	М	Кумите	-75кг.	**37**	
Сениори **у 21**	М	Кумите	-84кг.	**36**	
Сениори **у 21**	М	Кумите	+84кг.	**26**	
ВКУПНО		***КАТЕГОРИИ***	**35**		
ВКУПНО			***НАТПРЕВАРУВАЧИ ИНДИВ.***	**1155**	
ВКУПНО				***ЕКИПИ***	**29**

47-то Европското првенство за кадети јуниори и помлади сениори У – 21, по бројот на државите учеснички и пријавените натпреварувачи беше со рекорден број на натпреварувачи и слободно може да се каже дека истото беше многу добро организирано.

Церемонијата на свечено отварање според предвидената програма беше на 07.02 2020 година и истата започна во 20:30 часот. На отварањето на присутните со поздравни зборови им се обратија: претседателот на Унгарска карате федерација **Janos Jozsef Mezsaros**, членот на националниот Олимписки комитет на Унгарија **Pal Shmit,** министерката за спорт и култура **Tunde Szabo** и на крај претседателот на WKF **Antonio Espinos.**





Моментот на свеченото отварање

Нашата репрезентација односно делегацијата на ова Европско првенство во сите денови во престојот во Будимпешта - Унгарија беше компактна, онака како и треба да биде една национална репрезентација што ја претставува државата. Секој во делегацијата ги обавуваше обврските по функцијата што го имаше почнувајќи од шефот на делегацијата, делегатот, лекарот, судиите, тренерите и натпреварувачите како најважните во состав на делегацијата.

На ово Европско првенство нашата репрезентација го продолжи континуитетот на резултатите со освоени две бронзени медали во категоријата ***јуниори – 55кг. За Бојан Костов и Роберто Ацковски У21-67кг., а покрај медалистите имавме и две петти места и едно седмо место***.

На првиот ден на натпреварот од нашата Амбасада во Будимпешта не известија дека ќе не посети амбасадорот и истиот дојде околу 12 часот. Посетата беше претходно побарана од наша страна, со писмен допис од канцеларијата на КФМ. Амбасадорот го запознавме со нашата репрезентација и досегашните резултати и му рековме дека се надеваме и од ова првенство да се вратиме во Македонија со медали. Овој момент го искористивме на трибините да направиме и една заедничка слика со амбасадорот.





Заедничка слика со нашиот амбасадор во Будимпешта





Заеднички слики со претседателот на турската, шпанската и косовската карате федерација

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАНГИРАНИ ДРЖАВИ СПОРЕД ОСВОЕНИ МЕДАЛИ НА 47-то ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ, ЈУНИОРИ И У – 21

Ранг.	ИМЕ НА ДРЖАВА	КОД	Златни	Сребрени	Бронзени	Вкупно
1	ТУРЦИЈА	TUR	6	3	6	15
2	ФРАНЦИЈА	FRA	4	2	4	10
3	АЗЕРБЕЈЏАН	AZE	4	1	3	8
4	ИТАЛИЈА	ITA	3	3	4	10
5	ШПАНИЈА	ESP	2	4	3	9
6	УКРАИНА	UKR	2	0	4	6
7	УНГАРИЈА	HUN	2	0	3	5
8	АНГЛИЈА	ENG	2	0	0	2
9	РУСКА ФЕД.	RUS	1	3	8	12
10	ГРЦИЈА	GRE	1	2	0	3
	РОМАНИЈА	ROU	1	2	0	3
12	ПОРТУГАЛИЈА	POR	1	1	2	4
13	ШКОТСКА	SCO	1	1	0	2
14	ХРВАТСКА	CRO	1	0	5	6
15	ГЕРМАНИЈА	GER	1	0	4	5
16	АВСТРИЈА	AUT	1	0	2	3
17	БЕЛОРУСИЈА	BLR	1	0	1	2
18	НОРВЕШКА	NOR	1	0	0	1
19	ЦРНА ГОРА	MNE	0	3	2	5
	СЛОВАЧКА	SVK	0	3	2	5
21	СРБИЈА	SRB	0	1	2	3
22	ДАНСКА	DEN	0	1	1	2
23	СЛОВЕНИЈА	SLO	0	1	0	1
	БУГАРИЈА	BUL	0	1	0	1
	ЕРМЕНИЈА	ARM	0	1	0	1
	ЧЕШКА	CZE	0	1	0	1
	ПОЛСКА	POL	0	1	0	1
28	КОСОВО	KOS	0	0	4	4
29	МАКЕДОНИЈА	MKD	0	0	2	2
	ГРУЗИЈА	GEO	0	0	2	2
31	ШВЕДСКА	SWE	0	0	1	1
	ИРСКА	IRL	0	0	1	1
	ЛЕТОНИЈА	LAT	0	0	1	1
	ШВАЈЦАРИЈА	SUI	0	0	1	1
	ЛИТВАНИА	LTU	0	0	1	1
	БЕЛГИЈА	BEL	0	0	1	1
ВКУПНО ЗЛАТНИ МЕДАЛЈИ			35			
ВКУПНО СРЕБРЕНИ МЕДАЛЈИ				35		
ВКУПНО БРОНЗЕНИ МЕДАЛЈИ					70	
ВКУПНО МЕДАЛЈИ НА СИТЕ ОСВОЈУВАЧИ						140





Салата во текот на натпреварите

Табеларен приказ на покажаните резултати за секој меч на нашите репрезентативци во Европското првенство во Будимпешта – Унгарија

Р.Б	Име и Презиме	Категорија	Борби	Број на победи	пласман
1	МИХАЕЛА МИШОВСКА	К – 47 кг	**1 Коло** (Холандија 0:7) Пораз	1	Без пласман
2	АРТА БУШИ	К – 54 кг.	**1 Коло** (Кипар 4:1) Победа, **2 Коло** (Белорусија 0:1) Пораз,	1	Без пласман
3	ЈУСРА АДЕМИ	К + 54 кг.	**1 Коло** (Унгарија 0:4) Пораз	1	Без пласман
4	МАТЕЈ БЕЛИСТОЈАНОВСКИ	К – 52 кг.	**1 Коло** (Лихтештајн 1:0) Победа, **2 Коло** (Полска 2:1) Победа, **3 Коло** (Цешка 1:0) Победа, **4 Коло** (Холандија 3:0) Победа **5 Коло** (Ерменија 1:1) Пораз **Репасаж** **1 Коло** (Турција 0:1) Пораз	4	**5** место
5	ЉУПЧЕ МИХАЈЛОВ	К – 57 кг.	**1 Коло** (Велс 2:0) Победа, **2 Коло** (Унгарија 1:0) Победа, **3 Коло** (Холандија 0:3) Пораз	2	Без пласман
6	МАРКО СМИЛЕВСКИ	К – 63 кг.	**1 Коло** (Словенија 1:1) Победа **2 Коло** (Унгарија 0:2) Пораз	1	Без пласман
7	ВИТОМИР ТРАЈКОВСКИ	К – 70 кг.	**1 Коло** (Грузија 0:0) Победа, **2 Коло** (Белорусија 0:1) Пораз	1	Без пласман
8	ХАМЗА ЗУЛАЛИ	К + 70 кг.	**1 Коло** (Ческа 1:2) Пораз, **Репасаж** **1 Коло** (Хрватска 0:2) Пораз	**0**	Без пласман
9	МАРИЈА ПЕТРОВСКА	Ј – 48 кг.	**1 Коло** (Португалија 0:3) Пораз,	0	Без пласман
10	МАРИЈА МИЛЕВА	Ј – 53 кг.	**1 Коло** (Кипар 1:3) Пораз	1	Без пласман
11	МАГДАЛЕНА БОЖИНОВСКА	Ј – 59 кг.	**1 Коло** (Азербејџан 1:6) Пораз **Репазаж** (Словачка 6:3) Победа (Полска 2:3) Пораз	1	**7 место**
12	МАРТИНА ШАХИНОВА	Ј + 59 кг.	**1 Коло** (Норвешка 1:3) Пораз	1	Без пласман

13	БОЈАН КОСТОВ	Ј – 55 кг.	**1 Коло** (Полска 1:0) Победа, **2 Коло** (Кипар 1:0) Победа, **3 Коло** (Франција 4:1) Победа, **4 Коло** (Азербејџан 0:1) Пораз, **Репазаж** (Шпанија 2:1) Победа (Бугарија 0:0) Победа	5	**3 место**
14	ЃОРЃИ ПЕРТРОВ	Ј – 61 кг.	**1 Коло** (Норвешка 1:0) Победа, **2 Коло** (Романија 1:0) Пораз,	1	Без пласман
15	МАРИО СВИНАРСКИ	Ј – 68 кг.	**1 Коло** (Швајцарија 10:2) Победа, **2 Коло** (Хрватска 1:0) Победа, **3 Коло** (Полска 3:4) Пораз	2	Без пласман
16	СТЕФАН СТОЈАНОВИЌ	Ј – 76 кг.	**1 Коло** (Унгарија 1:0) Победа, **2 Коло** (Украина 0:0) Победа, **3 Коло** (Летонија 1:0) Победа, **4 Коло** (БиХ 1:0) Победа **5 Коло** (Азербејџан 1:4) Пораз **Репасаж** **1 Коло** (Италија 0:5) Пораз	4	**5** место
17	БЕРИЗ КУРТАНОВИЌ	Ј + 76 кг.	**1 Коло** (Грузија 4:0) Победа, **2 Коло** (Косово 3:2) Победа **3 Коло** (Франција 1:2) Пораз	2	Без пласман
18	ДРАГАНА МАНГОВСКА	У 21 – 50 кг.	**1 Коло** (Украина 0:2) Пораз	0	Без пласман
19	ВЕРОНА АЈДИНИ	У 21 – 55 кг.	**1 Коло** (Франција 1:3) Пораз	0	Без пласман
20	ВЕРОНИКА КОСТОВСКА	У 21 – 61 кг.	**1 Коло** (Унгарија 2:2) Пораз	0	Без пласман
21	САЈРА МОРИНА	У 21 – 68 кг.	**1 Коло** (Косово 0:4) Пораз	0	Без пласман
22	СТОЛЕ СМИЛКОВСКИ	У 21 – 60 кг	**1 Коло** (Романија 1:0) Победа, **2 Коло** (Хрватска 2:0) Победа, **3 Коло** (Русија 0:1) Пораз	2	Без пласман
23	РОБЕРТО АЦКОВСКИ	У 21 – 67 кг.	**1 Коло** (Португалија 5:3)Победа, **2 Коло** (Израел 4:1)Победа, **3 Коло** (Полска 0:0)Победа, **4 Коло** (Чешка 6:1)Победа, **5 Коло** (Црна Гора 1:4)Пораз **Репасаж** (Русија 2:2) Победа	4	**3 место**
24	МАРКО КОСТОВ	У 21 – 75 кг	**1 Коло** (Грузија 0:6) Пораз	0	Без пласман
25	ВЕГИМ МУРАТИ	У 21 – 84 кг.	**1 Коло** (Белорусија 1:0)Победа, **2 Коло** (Англија 3:2)Победа, **3 Коло** (Шпанија 0:3)Пораз	2	Без пласман
26	КРЕНАР ЏАФЕРИ	У 21 + 84 кг.	**1 Коло** (Црна Гора 1:4)Пораз **Репасаж** Поради повреда не излезе	0	Без пласман
27	МАРАТИНА АРСОВСКА	К – Ката	Од 31 натпреварувачки во генерален пласман според оценките е 17	0	Без пласман
28	ДАВИД СПАСОВСКИ	К – Ката	Од 32 натпреварувачи во генерален пласман според оценките е 27	0	Без пласман
29	ЈОВАНА МАНЧЕВСКА	Ј Ката	Од 31 натпреварувачки во генерален пласман според оценките е 23	0	Без пласман

30	АЛЕКСАНДАР НЕДЕЛКОВСКИ	Ј Ката	Од 32 натпреварувачи во генерален пласман според оценките е 15	0	Без пласман
31	ТЕОДОРА ЦВЕТКОВСКА	У 21 Ката	Од 29 натпреварувачки во генерален пласман според оценките е 27	0	Без пласман
32	ГЕОРГИ БАНОВСКИ		Од 31 натпреварувачи во генерален пласман според оценките е 29	0	Без пласман
33	- АНДРЕА АЛЕКСОВСКА - МАРТИНА АРСОВСКА - ТЕА ГАШЕВА	ката тим кадетки& јуниорки	Од 13 екипи во генерален пласман нашата е екипа е 11	0	Без пласман
34	-ДАВИД СПАСОВСКИ -КРИСТИЈАН БАЈОВСКИ -ХРИСТИЈАН АНДРИЌ	ката тим кадети& јуниори	Од 15 екипи во генерален пласман нашата е екипа е 9	0	Без пласман







Моментот кога нашиот медалист Бојан Костов и Роберти Ацковски се закитија со бронзени медали

Карате федерација на Македонија на Европското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 покрај настапот и постигнатите резултати со репрезентативците ја искористи и приликата на организираниот испит за повисоки судиски лиценци да испрати и шестмина карате судии. Судиите на организираниот испит покажаа голем успех. По добивањето на резултатите за успешно положен испит: Климентина Војдиновска се здоби со Судиското лиценца "JUDGE A", а со судиска лиценца **EKF** судија се здобиа Емир Ќосовиќ и Јетмира Дервиши.



ПРЕВЗЕМЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ПРЕД И ПО ВРАЌАЊЕТО ОД ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО БУДИМПЕШТА - УНГАРИЈА

Во интерес на постигнувањето на подобри резултати, на предлог на државните тренери во соработка со Карате Федерацијата беа организирани неколку заеднички викенд подготовки во салата на карате клубот „Олимпик“ - Скопје.

